МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
за изменување и дополнување на Оперативниот план за услуги на пазарот на трудот и активни програми и мерки за вработување за 2015 година.

Скопје, април 2015 година

Оперативниот план за услуги на пазарот на трудот и активни програми и мерки за вработување за 2015 година, усвоен на Педесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27 јануари 2015 година се дополнува со мерката 2.2 Програма за самовработување на лица со инвалидност, се менува мерката 3.4 Сувенционирани работни места за лицата со инвалидност, се дополнува со мерката 3.5 Субвенционирано вработување на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште и се менува Финансиската рамка.

## 2.2 Програма за самовработување на лица со инвалидност

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се поддржат невработени лица со инвалидност, од евиденцијата на АВРМ кои активно бараат работа во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност и во создавање дополнителни вработувања |
| **Опис** | Оваа програма вклучува обука за претприемништво, помош при развивање одржлив бизнис-план и регистрирање на дејност, неповратни грантови во форма на опрема и материјали, и менторство во време на започнување на бизнисот |
| **Опфат на корисници** | 120 невработени лица со инвалидност и дополнителни 240 лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 59.280.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ – потсметка за активни програми и мерки за вработување кон УНДП |
| **Надлежна институција** | АВРМ, АППРМ, МТСП,МФ,УЈП,ЦРМ, УНДП |

**Услови и критериуми**

Право на учество во програмата Самовработување на лица со инвалидност имаат сите невработени лица со инвалидност регистрирани како активни баратели на работа.

Учесниците во програмата Самовработување на лица со инвалидност ќе стекнат право да добијат обука за претприемништво и развој на бизнис идеја, од нив ќе бидат избрани дел за поддршка за изработка на бизнис план, а невработени лица кои доставиле најдобри бизнис планови ќе добијат помош при регистрација на сопствен бизнис и ќе добијат грант во износ од 310.000,00 денари. Исто така, лицата ќе добијат индивидуална поддршка преку обезбедување консултантски и менторски услуги за лицата со инвалидитет.

Кандидатите кои ќе презентираат одржлив бизнис план, кои имаат потреба од дополнителни вработувања можат да аплицираат за грант кој ќе поддржи самовработување на основачот на фирмата и дополнително вработување за најмногу 2 лице. Во тој случај, средствата на вкупниот грант ќе изнесуваат 494.000,00 денари од кои

310.000,00 денари за реализација на самовработувањето и отворање на бизнисот и 184.000,00 денари за дополнителни 2 вработувања т.е 92.000,00 денари по лице . Основачот на правниот субјект ќе има обврска да ги задржи дополнително вработените лица во работен однос најмалку уште 12 месеци.

Воедно по истекот на 9 месеци за кои правното лице има исплатено плати и придонеси може да поднесе барање до АВРМ за користење на средства од посебниот фонд согласно Законот за вработување на лица со инвалидитет.

Ако фирмата основана со грант за самовработување престане со својата дејност, основачот/грантистот е должен да врати: 80 проценти од грантот, доколку дејноста престане во рок од една година од регистрацијата на фирмата или 60 проценти од грантот, доколку дејноста престане во рок од две години од регистрацијата на фирмата.

Лицата кои ќе ги искористат средствата за набавка на опрема и/или материјали преку Програмата Самовработување на лица со инвалидност, не може да се вратат во евиденцијата на невработени лица до истекот на рокот на договорот или се додека не го врати долгот произлезен од непочитување на одредбите во Договорот.

## 3.4 Субвенционирани работни места за лицата со инвалидност

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се зголеми вработливоста и можностите на пазарот на трудот за невработените лица со инвалидност |
| **Опис** | Оваа програма ќе се спроведува во согласност со принципите утврдени во *Законот за вработување на лица со инвалидност* |
| **Опфат на корисници** | 317 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа со инвалидност, како што е предвидено со *Законот за вработување на лица со инвалидност* |
| **Потребни средства** | **140.720.000,00 денари** |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ – потсметка на Посебниот фонд за лицата со инвалидност |
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ |

**Услови и критериуми**

АВРМ ги презема сите потребни активности за доделување субвенции за лица со инвалидност, во согласност со *Законот за вработување на лица со инвалидност* и одредбите од Правилникот за доделување неповратни грантови од Посебниот фонд. Работодавачите се должни да доставуваат месечни изводи како доказ за исплата на платата за субвенционираните лица со инвалидност.

## 3.5 Субвенционирано вработување на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на Програмата е поттикнување на нови вработувања на примателите на социјална помош евидентирани како невработени лица и нивна социјална вклученост |
| **Краток опис** | Програмата ќе се реализира со доделување на државно земјоделско земјиште на плодоуживатели, на лица кои се корисници на социјална помош. На корисниците ќе им се исплаќа и паричен надоместок во висина на социјалната парична помош и ќе им се обезбеди и социјално осигурување. Корисниците ќе бидат регистрирани вршители на земјоделска дејност како индивидуални земјоделци на кои земјоделието им е основна дејност |
| **Опфат на корисници** | 30 приматели на социјална помош евидентирани како невработени лица |
| **Потребни средства** | / |
| **Извори на средства** | За 2015година<br>Буџет на АВРМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување |
| **Надлежни институции за имплементација** | МЗШВ, МТСП, АВРМ, ЦСР, ПИОМ, АППЗ |

**Услови и критериуми**

На евидентираните невработени лица, корисници на социјална помош кој ќе склучат договор за плодоуживатели на државно земјоделско земјиште ќе им се обезбеди:

- 100% од месечниот износ на социјална парична помош и 100% обезбедено социјално осигурување во првите 12 месеци (првата година);
- 100% од месечниот износ на социјална парична помош и 100% обезбедено социјално осигурување во следните 12 месеци (втората година);
- паричниот надоместок ќе се исплаќа на месечна основа на трансакциската сметка на корисникот;
- средствата за социјално осигурување (пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување) ќе се уплаќаат директно на соодветните подрачни единици на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување на Македонија и
- можност за дополнителна финансиска помош во рамките на програмите на МЗШВ.

Корисниците плодоуживатели на државно земјоделско земјиште, ќе бидат регистрирани како индивидуални земјоделци на кои земјоделието им е основна

дејност (преку Фондот на ПИОМ). По извршената регистрација, им престанува правото на користење на социјална парична помош, согласно со Законот за социјална заштита.

## V. ФИНАНСИСКА РАМКА

Табела 3. Услуги и програми за вработување, според вид, насоченост и распределба на средства

| ОПФАТ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА СО УСЛУГИ | Број на лица | Средства (денари) |
|---|---|---|
| 1.1 Помош при барање работа | 10.000 | 3.360.000,00 |
| 1.2 Мотивациони обуки | 8.000 | 2.688.000,00 |
| 1.3 Посредување за вработување (3.000 барања за посредување) | 3.000 | 1.008.000,00 |
| 1.4 Услуги за работодавачите (посета на 5.000 работодавачи) | 5.000 | 1.680.000,00 |
| 1.5 Подготовка за вработување и за работа | 3.000 | 1.008.000,00 |
| 1.6 Професионална ориентација и кариерно советување | 1.800 | 604.800,00 |
| 1.7 Услуги за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување | 800 | 2.916.000,00 |
| | 31.600 | 13.264.800,00 |

| ОПФАТ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ПРЕКУ АКТИВНИ ПРОГРАМИ И МЕРКИ | Број на лица | Средства (денари) |
|---|---|---|
| 2. Програма за самовработување | 960 | 202.454.100,00 |
| **2.2 Програма за самовработување на инвалидни лица** | **360** | **59.280.000,00** |
| 3.1 Поддршка на растот на микро и мали претпријатија | 200 | 18.400.000,00 |
| 3.2 Субвенционирано вработување на лица во социјален ризик | 136 | 18.000.000,00 |
| 3.3 Субвенционирано вработување за невработени млади лица до 29 години преку ослободување од придонеси | 5.000 | 0,00 |
| 3.4 Субвенционирани работни места за лицата со инвалидност | 317 | **140.720.000,00** |
| 3.5 **Субвенционирано вработување на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште** | **30** | **/** |
| 4.1 Обука кај познат работодавач | 1.000 | 22.617.000,00 |
| 4.2 Обука на работно место со субвенционирано вработување | 476 | 63.117.600,00 |
| 4.3 Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот (ИПА) | 220 | 12.056.000,00 |
| 4.4 Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот кај приватни спроведувачи на обука | 181 | 9.918.800,00 |
| 4.5 Обука за напредни ИТ вештини | 270 | 22.425.660,00 |
| 4.6 Практикантство | 1.000 | 18.600.000,00 |
| 4.7 Анкета за слободни работни места | 26 | 161.200,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 4.8 Обука за основни вештини за вработување (странски јазици и компјутери) | 2.000 | 12.400.000,00 |
| 5. Општинско-корисна работа | 300 | 11.160.000,00 |
| 6.1 Програма за воспоставување на бизниси во мултиетничките заедници | 55 | 11.414.652,00 |
| 6.2 Обука за надополнување на вештини за енергетска-ефикасност на згради | 50 | 620.000,00 |
| 6.3 Обука од областа на обезбедувањето | 20 | 420.000,00 |
| 6.4 Обука од областа на туризмот | 15 | 465.000,00 |
| 6.5 Инкубатор на занаетчии(опфатени со Самовработување) | 5 | 635.400,00 |
| 6.6 Обука за животни вештини | 4.000 | 3.700.000,00 |
| | **16.616** | 628.565.412,00 |
| ВКУПЕН ОПФАТ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА И СРЕДСТВА: | **48.142** | 641.830.212,00 |